ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

## ЗА 2013 ГОДИНА

**Скопје, декември 2012 година**

## СОДРЖИНА


| Ред. Бр. | Опис | Страна |
|---|---|---|
| 1 | Цели и задачи за работа на Државниот завод за ревизија во 2013година | 5 |
| 2 | Избор на субјекти/проекти/теми за вршење ревизија | 6 |
| 3 | Организациона поставеност на ДЗР за извршување на Програмата за работа | 7 |
| 4 | Финансирање на ДЗР | 7 |
| 5 | Едукација на вработените | 8 |
| 6 | Методолошки прашања | 9 |
| 7 | Информационен систем на ДЗР и ИТ ревизија | 9 |
| 8 | Меѓународна соработка | 10 |
| 9 | Анализи и извештаи | 12 |
| 10 | Информирање на надлежни органи во функција на подобро управување со јавните средства | 13 |
| | 10.1 Активности во насока на надминување на системски слабости и колизија на законски прописи | 13 |
| | 10.2 Соработка со Собранието на РМ, Владата на РМ, Министерството за финансии и другите надлежни органи | 13 |
| | 10.3 Активности поврзани со спречување на корупцијата | 14 |
| | 10.4 Следење на препораките дадени во ревизорските извештаи | 15 |
| 11 | Информирање на јавноста | 17 |
| 12 | Извршување на Годишната програма за работа на ДЗР | 18 |
| 13 | Завршни одредби | 18 |
| | Преглед на планирани ревизии за 2013година | Прилог - 1 |
| | Акционен план за извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за 2013 година | |

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| CAAT's | Компјутерски подржувани ревизорски техники |
| ISSAI | Меѓународни стандарди на Врховни ревизорски институции |
| ВРИ | Врховни ревизорски институции |
| ГДР | Главен државен ревизор |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ЕСР | Европски суд на ревизори |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕУРОСАИ | Европска организација на врховни ревизорски институции |
| ЗДР | Закон за државната ревизија |
| ИДИ | Иницијатива за развој во рамки на ИНТОСАИ (непрофитна организација која има за цел зајакнување на институционалните капацитети на ВРИ во земјите во развој во рамки на регионалните работни групи на ИНТОСАИ) |
| ИНТОСАИ | Меѓународната организација на врховни ревизорски институции |
| ИПА | Инструменти за претпристапна помош (Pre-accession assistance) |
| ИТ | Информатичка технологија |
| ИФИС | Интегриран финансиско - информационен систем |
| МАТРА | Програма на Министерството за надворешни работи на Холандија за социјална трансформација насочена кон поддршка на реформите на државите и нивните институции во новите земји членки на ЕУ, земјите кандидати за членство, земјите потенцијални кандидати и земјите соседи на ЕУ. |
| НПАА | Национална програма за усвојување на правото на ЕУ |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| ПГДР | Помошник на главниот државен ревизор |
| РГ | Работна група |
| РМ | Република Македонија |
| СИГМА | Поддршка во подобрување на управувањето и раководењето (здружена иницијатива на ОЕЦД и ЕУ) |
| ХСР | Холандски суд за ревизија |

Врз основа на член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10 и 145/10) и член 53 од Правилникот за организација и работа на Државниот завод за ревизија, бр.01-640/2 од 27.11.2010 година, главниот државен ревизор донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година

## 1. Цели и задачи за работа на Државниот завод за ревизија во 2013 година

Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија (ДЗР) за 2013 година ќе се остварува согласно постојната законска рамка утврдена со Законот за државната ревизија (ЗДР).

Во текот на 2013 година ќе се интензивираат активностите на обезбедување потребни услови за реализација на стратешките цели на државната ревизија во Република Македонија со што ќе се оствари:

- Обезбедување независност на државната ревизија како уставна категорија, во согласност со принципите на Декларацијата од Мексико;
- Имплементација на Законот за државната ревизија и Правилникот за начинот на вршење на ревизијата
- Донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за државната ревизија
- Натамошно зајакнување на институционалните капацитети и обезбедување на оптимални технички и човечки ресурси, како основен предуслов за извршување на функциите на државната ревизија;
- Натамошно подигање на нивото на квалитет на извршување на ревизиите во согласност со ревизорските стандарди и методолошка пракса на државната ревизија;
- Изградба на систем за континуирано следење на спроведување/имплементација на препораките по наодите од извршените ревизии во функција на одржување на ефективни контроли кај субјектите предмет на ревизија;
- Имплементација на ISSAI стандардите преку анализирање, правење приоритети и хармонизирање на постојните методолошки акти со ISSAI;

- Интензивирање и проширување на содржините и формите на соработката со Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата и други надлежни органи и институции;
- Обезбедување опфат со државна ревизија според соодветна структура на субјекти и јавна потрошувачка, со што би се обезбедиле потребни податоци и информации за изградба на објективна оценка за степенот на остварувањето на наменското и законското трошење на јавните средства;
- Натамошно зајакнување и проширување на капацитетите за вршење на ревизија на успешност на различни програми и проекти, во функција на остварување на целите на ревизијата, отчетноста и доброто управување односно испитување на резултатите, економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на јавниот сектор;
- Натамошен развој и едукација на човечките ресурси;
- Обезбедување на неопходни финансиски средства за целосно и квалитетно извршување на Програмата, воспоставување објективен систем за оцена на извршувањето на работните задачи;
- Подобрување на условите на работење - обезбедување на соодветен деловен простор, натамошно опремување со информатичка и друга опрема;
- Понатамошно унапредување на принципите на јавност и транспарентност во работата на ДЗР и подобрување на системот на комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни субјекти;
- Примена на современи методолошки пристапи и пракса при вршење на државна ревизија согласно ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ЕУ и други меѓународни стандарди и упатства за вршење државна ревизија;
- Продолжување на воспоставената соработката со ВРИ, Европскиот суд за ревизија, комитетите и работните групи на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ и други меѓународни организации и професионални тела и нејзино проширување во функција на остварување на стратешките цели на ДЗР.

## 2. Избор на субјекти/проекти/теми за вршење ревизија

Изборот на субјектите/проектите/темите за Програмата е извршен согласно член 22 и 23 став 1 од Законот за државната ревизија и Упатството за предлагање на ревизии за годишната програма за работа на ДЗР.

Согласно пропишаните критериуми во Упатството за предлагање на ревизии, ДЗР во 2013 година планира да изврши вкупно 61 ревизии од кои:

- 54 ревизии на финансиски извештаи и ревизии на усогласеност за 2012 година

- 7 ревизии на успешност

Бројот на ревизорските извештаи за ревизии на финансиски извештаи и ревизии на усогласеност во Прилогот 1 е проценет (согласно предметот на ревизија) и претставува очекуван број на финансиски извештаи (за секоја поединечна сметка) кои субјектот ќе ги поднесе за годината која е предмет на ревизија. Бројот на ревизорски извештаи за ревизиите на успешност, исто така е проценет и зависи од резултатите од прелиминарните истражувања за селектираните проекти/програми/активности избрани за ревизија, од пристапот и применетата методологија за вршење на ревизијата и поставената ревизорска цел.

Извршените ревизии се предмет на последователна проверка на спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи.

Прегледот на планирани ревизии е составен дел на Програмата за работа на ДЗР за 2013 година (**Прилог 1**).

## 3. Организациона поставеност на ДЗР за извршување на Програмата за работа

Програмата за работа на ДЗР за 2013 година ќе се реализира со вкупно **92** вработени овластени државни ревизори и државни ревизори и вработени за административна поддршка. Согласно Правилникот за организација и работа, вработените се распоредени во 11 /единаесет/ сектори и 2/две/ одделенија, од кои 7 /седум/ сектори се директно вклучени во процесот на ревизија (сектори за ревизија ) и покриваат различни области и субјекти од јавниот сектор, 1 /еден/Сектор за ревизија на информационите системи, 1/ еден / Сектор за унапредување на ревизијата и контрола на квалитетот, 2/два/ сектори за административна поддршка ( Сектор за правни и општи работи и односи со јавноста и Сектор за финансиски прашања) и 2/две/ самостојни одделенија за внатрешна ревизија и одделение за управување со човечки ресурси.

## 4. Финансирање на ДЗР

Финансирањето на активностите на ДЗР, определени со Законот за државната ревизија се во директна корелација со Годишната програма на ДЗР и обемот за вршење на работите на државната ревизија.

Финансиските средства за реализација на Програмата за работа на ДЗР со Буџетот за 2013 година изнесуваат 87.316 илјади денари и тоа:

Финансиските средства за реализација на Програмата за работа на ДЗР со Буџетот за 2013 година изнесуваат 87.316 илјади денари и тоа:

во 000 денари

| Расходи | Сметка на основен буџет 637 | |
|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 67.716 | |
| Стоки и услуги | 15.900 | |
| Субвенции и трансфери | 0 | |
| Капитални расходи | 3.700 | |
| **Вкупно:** | **87.316** | |

Од аспект на структурата на расходите, 77,55% се предвидени за плати и надоместоци на вработените, 18,21% за стоки и услуги, 0,00 % за субвенции и трансфери и 4,24 % за капитални расходи.

## 5. Едукација на вработените

Активностите за едукација на вработените се усогласени со стратешките определби на ДЗР за континуиран развој на професионалните и стручни способности на ревизорите и раководниот кадар во институцијата и воспоставување објективен систем за оцена на степенот и квалитетот при исполнувањето на работните задачи.

Обуката на вработените на ДЗР ќе се изврши низ повеќе форми: организирање интерни обуки во рамките на ДЗР и со предавачи од ДЗР и користење на надворешни експерти; обука на работно место, учество на курсеви, семинари, работилници, организирани од работни групи/комитети на ИНТОСАИ/ЕУРОСАИ, Европскиот суд за ревизија, СИГМА и други меѓународни професионални организации и асоцијации.

Согласно операционализацијата на Стратегијата за управување со човечките ресурси и расположливите капацитети, во 2013 година интерните обуки во ДЗР ќе се реализираат од следните области:

а) Основи на сметководството – февруари 2013 година:
- Сметководствени политики и начела во искажување на билансните позиции, приходи и расходи, согласно законската регулатива и МСС и МСФИ
- Разлики и сличности помеѓу двата сметководствени системи на „готовинска основа“ и „пресметковно сметководство“.

б) Јавни набавки, во соработка со Бирото за јавни набавки – март 2013 година
в) Ревизија на успешност – септември – октомври 2013 година.

## 6. Методолошки прашања

Ревизорските стандарди обезбедуваат упатства за ревизорите во одредување на опфатот на ревизорските чекори и постапки кои треба да се применат на ревизиите и се состојат од критериуми во однос на кои квалитетот на резултатите од ревизиите се оценува. Прирачниците и упатствата ги водат ревизорите како тоа може да се обезбеди.

Во текот на 2013 година ќе продолжат активностите на следење на тековните и најнови достигнувања од областа на ревизорските стандарди, методологија и најдобра пракса во функција на ажурирање на постојни прирачници и упатства за финансиска ревизија и ревизија на успешност и понатамошен развој на други упатства од областа на ревизијата. Во таа насока ќе продолжи преведувањето на Меѓународните стандарди на ВРИ (ISSAI), методолошки упатства и друга стручна литература од областа на ревизијата, издадени од комитети и работни групи на ИНТОСАИ на македонски јазик, со цел нивно усогласување и имплементација во ревизорската пракса.

Согласно стандардите и насоките од Упатство за осигурување на квалитет на извршените ревизии, се планира независната функција за осигурување на квалитет да продолжи со своите активности и реализација на Годишниот план за осигурување на квалитет во ревизијата и секако да ги сподели „научените лекции" со сите вработени во ДЗР.

Функцијата на осигурување на квалитет е независна од процесот на ревизија. Осигурување на квалитетот е процес на проценка и мониторинг на квалитетот на ревизиите од лица независни од ревизиите што се предмет на разгледување.

Во текот на 2013 година ќе се изврши ревидирање на Прирачникот за ревизија на успешност, заради негово усогласување со меѓународните стандарди за ефикасно вршење на ревизијата на успешност.

## 7. Информационен систем на ДЗР и ИТ ревизија

Во 2013 година активностите ќе се реализираат согласно целите дефинирани во стратешките документи за понатамошен развој на информациониот систем,

примена на информатичка технологија и нејзино рационално и ефикасно искористување во ревизијата. Во таа насока се планира:

- Континуиран развој и оддржување на информациониот систем согласно стратешките цели за развој на информатичката технологија во државната ревизија;
- Учество во проектот „Подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизорската работа со употреба на Систем за управување со процесот на ревизија (Audit Management System (AMS))",
- Надградба на псотојната ИТ инфраструктура.
- Поддршка во имплементацијата на софтверот за анализа на податоците од ревизорските извештаи, наодите и препораките;
- Соработка со останатите државни институции за размена на податоци за потребите на ревизијата;
- Континуирана поддршка на ревизијата во делот на превземање на базите на податоци на субјектите предмет на ревизија, употреба на CAAT's, и примена на ИДЕА софтвер, во анализата на податоците, избор на примерок и негово документирање.
- ИТ ревизија на компјутеризираните информациони системи од кои се процесуираат податоци и информации за изготвување на финансиските извештаи кај субјектите предмет на ревизија во 2013 година
- Одржување и ажурирање на ИНТРАНЕТ страната;

## 8. Меѓународна соработка

На планот на меѓународна соработка, ДЗР во 2013 година активно ќе соработува со ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, Европскиот суд на ревизори (ЕСР), други национални ВРИ, Светска банка, СИГМА и други меѓународни организации и институции по прашања од областа на државната ревизија. Формите на соработка ќе опфатат учество на семинари, работилници, електронско учење, истражувања, работа во работни групи, оценски мисии, работни посети, учества на конференции/конгреси, стажирање во ЕСР и друго.

Соработката има за цел идентификување и промовирање на добрата пракса кај ВРИ, размена на методолошки и ревизорски искуства за формите, содржините, периодиката и начинот на објавување на резултатите од ревизиите и следење на ефектите од извршените ревизии, како и утврдените појави на измама и корупција, обезбедување квалитет на ревизиите, развојот на капацитетите за обука, видот на соработка со ВРИ, транспарентноста и информирањето на јавноста.

Во 2013 година ќе продолжи учеството на ДЗР во активностите на работните групи на ИНТОСАИ/ЕУРОСАИ за ревизија на програмите за животната средина и за ИТ, во кои членува од 2002, 2005 година. Тие опфаќаат учество на семинари, состаноци, подготовка на документи, прашалници и други истражувања за градење на споделива база на податоци.

Меѓународната активност на ДЗР ќе се одвива и во рамките на работните групи на ЕУРОСАИ за реализација на Стратегискиот план на ЕУРОСАИ 2011-2017 (1-градење капацитети, 2-професионални стандарди, 3-споделување на знаења) и на специјалната работна група за ревизија и интегритет, која има за цел унапредување на етиката и интегритетот кај ВРИ и други јавни институции.

Земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ, ќе продолжат да соработуваат со ЕСР и други ВРИ од земјите членки на ЕУ во рамките на мрежата составена од ВРИ на Турција, (Хрватска,од 1 јули 2013 членка на ЕУ), Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Исланд и ЕСР. Покрај редовните активности, во 2013 година ќе продолжи со реализација Рамковниот план на активности на мрежата на претседатели 2011-2012+ (анекс кон Спогодбата од Истанбул), со кој е планирано организирање на конференција за важноста на подобрувањето на конструктивните односи на ВРИ со парламентите како и со другите тела на јавната администрација. ДЗР активно се подготвува за учество на семинарот за ревизија на успешност што за членките на мрежата го организира Директоратот за проширување на ЕК. Активностите на мрежата кои се одвиваат во координација и со помош на офицерите за врски на ВРИ, како и досега ќе бидат поддржани од СИГМА и Работната група за заеднички ревизорски активности, формирана од Контакт комитетот на ВРИ на ЕУ.

Учеството на ДЗР на состаноците на Контакт комитетот на ВРИ од ЕУ, придонесува за континуирано следење на најновите трендови во финансиското управување во ЕУ и нивното влијание врз работата на ВРИ, како и на искуствата во областа на ревизорската пракса (методите, пристапот, изборот на подрачјата - предмет на ревизија) насочена кон унапредување на одговорноста и отчетноста во трошењето на средствата доделени од европските фондови.

На билатерален план, ДЗР ќе реализира работни посети на највисоко ниво од и на ВРИ членки на ЕУРОСАИ. Во рамките на утврдените агенди за организирање обуки и други настани на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ЕСР и мрежата во 2013 година, одреден број на ревизори и претставници ќе учествуваат на истите во согласност со потребите и можностите на ДЗР.

Во контекст на подготовките на националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) и подготовка на преговарачките позиции на РМ за преговори за членство во ЕУ, ДЗР ќе учествува во ажурирањето на програмата за 2013 и во следењето на реализацијата на активностите од акцискиот план преку активностите на работните групи за подрачјето: 23-антикорупциска политика и 32- финансиска контрола.

Во 2013 година ќе продолжи со реализација новиот проект на ДЗР со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка насочен кон подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на AMS (Audit Management System). Поттикнат од Донаторската иницијатива за соработка на ИНТОСАИ и со финансиска поддршка од МНР на Норвешка, проектот ќе се реализира во периодот од ноември 2012 до октомври 2016 година. Проектот вклучува повеќе активности групирани во две фази. Првата фаза, што ќе биде реализирана во 2013 година опфаќа изготвување на физибилити студија и надградба на ИТ инфраструктурата.

## 9. Анализи и извештаи

Бројните податоци и информации содржани во ревизорските извештаи, како и ревизорските активности кои претходат или следат, континуирано ќе се обработуваат, анализираат и вклучуваат во Софтверот за анализа на податоци од ревизорските извештаи. Кумулираните податоци во софтверот ќе обезбедат следење на: извршувањето на годишна програма; на секоја одделна ревизија како и изготвување на извештаи и анализи за вкупните состојби на одделни сегменти од ревизорските активности.

Информациите од изготвените извештаи и анализи ќе се користат при годишното планирање, годишното известување како и за потребите на органите за надзор и контрола и други институции.

Континуирано ќе се следи спроведувањето на препораките (користејќи ги сите извори на податоци), се до моментот кога ќе се стекне убедување дека субјектот презел мерки за трајно отстранување на неправилностите за кои истите се дадени. Имајќи го предвид фактот дека следењето на спроведувањето на препораките преку повеќе извори е подолгорочен процес, периодично ќе се анализираат состојбите и ќе се изготвуваат извештаи за степенот на спроведување на препораките и нивниот статусот (спроведени, делумно спроведени, не спроведени/ не може да се спроведат).

## 10. Информирање на надлежни органи во функција на подобро управување со јавните средства

Годишниот извештај за работењето на ДЗР, конечните ревизорски извештаи и поединечните известувања обезбедуваат реални и објективни информации за констатирани неправилности, незаконско постапување со јавните средства, можните случаи на корупција и злоупотреба на службената должност. Ефект од овие информации врз подоброто управување со јавните средства меѓутоа може да се очекува само доколку истите бидат соодветно подржани од надлежните институции на кои истите редовно им се доставуваат.

### 10.1 Активности во насока на надминување на системски слабости и колизија на законски прописи

Идентификување на системски слабости и колизии на законски прописи (пропусти, недоречености или неусогласености на законската рамка) и понатаму е важен аспект при вршењето на ревизиите. Ефект од оваа активност врз подоброто управување со јавните средства може да се очекува само доколку надлежните институции преземат мерки за нивно надминување. За таа цел, ДЗР ќе продолжи редовно да информира и да доставува ревизорски извештаи (во кои се содржани системски слабости) до надлежните органи, а навремено, ќе биде известувана и Владата на РМ.

За системските слабости, за кои претходно веќе се известени институциите, континуирано ќе се следи степенот и соодветноста на преземените мерки за нивно отстранување.

### 10.2 Соработка со Собранието на РМ, Владата на РМ и Министерството за финансии и другите надлежни органи

Соработката со Собранието на РМ, Владата на РМ и Министерството за финансии ќе се одвива во функција на реализација на Заклучоците на Собранието на РМ, донесени на седница на Собранието на РМ по разгледувањето на Годишниот извештај на ДЗР за 2011 година.

Во тие рамки ДЗР во 2013 година активностите ќе ги насочи кон:

- Редовно информирање на Собранието на РМ и другите надлежни органи за извршените ревизии и за резултатите од извршените ревизии;

- Известување на Собранието на РМ и другите надлежни органи за системски слабости/прашања од општа административна и правна рамка (колизија на законски прописи) и други прашања од хоризонтална природа од работењето на субјектите од јавниот сектор кое може да бара соодветни одлуки од страна на Собранието;
- Презентирање на „Годишниот извештај на ДЗР за 2012 година“ на седница на Собранието на Република Македонија;
- Иницирање работилници и обуки на надлежните тела во Собранието на РМ и идентификување на најдобра пракса за промовирање на ефективно функционирање, подобра комуникација и разбирање на функцијата на државната ревизија и резултатите од ревизорските активности;
- Во 2013 година очекуваме да се интензивира соработката со Собранието на Република Македонија преку потпишување на Протокол за соработка помеѓу двете институции и практична имплементација на прирачникот „Вовед во ревизорските извештаи“ изработен со Холандскиот суд за ревизија.
- Соработка со Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола во Министерството за финансии во повеќе насоки согласно одредбите од потпишаниот Протокол за соработка.

### 10.3 Активности поврзани со спречување на корупцијата

Активностите на ДЗР поврзани со работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство и други надлежни институции и во 2013 година ќе се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за јавното обвинителство, Законот за спречување на корупција и друга законска регулатива.

Во рамките на овие активности во 2013 година ДЗР ќе продолжи да известува и обезбедува:

- Доставување на ревизорски извештаи/известувања до надлежните органи, за наоди кои иницираат активности од нивна надлежност и обезбедување на повратни информации за преземени мерки согласно нивните надлежности;
- Доставување извештаи и информации за извршени ревизии, по барање, и обезбедување на повратни информации за преземени мерки согласно нивните надлежности;
- Одржување на работни средби за меѓусебно информирање, за преземање на активности и мерки по наодите и препораките од конечните ревизорски извештаи, размена на искуства поврзани со методологијата на работа и презентација на наодите во ревизорските извештаи, усогласување на прописи,

запознавање со Европската легислатива од аспект на борбата против корупцијата и вршењето на државната ревизија;

- ДЗР активно ќе учествува во реализацијата на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси за периодот 2011 – 2015 година и
- ДЗР преку свои претставници и понатаму активно ќе учествува во работата и активностите на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата.

## 10.4 Следење на препораките дадени во ревизорските извештаи

Заради остварување на основната цел на ревизијата - водење грижа за јавните средства и унапредување на управувањето со истите, навременото откривање на отстапувањата од прифатените стандарди и повредите на принципите на законитост, ефикасност, ефективност и економичност во раководењето со јавните средства, Државниот завод за ревизија упатува јасни и ефективни препораки, со цел да се преземат чекори со кои отстапувањата и повредите во иднина ќе се спречат или отежнат.

Корективните мерки за имплементација на препораките му овозможуваат на субјектот предмет на ревизија да ја подобри ефективноста и ефикасноста на работењето.

Прашањето на постоење на ефективни механизми за следење на имплементација на препораките е важен аспект на ревизијата и е третиран во повеќе документи на Меѓународните стандарди на ВРИ (ISSAI). Во рамките на постапките на вршење на ревизиите, ДЗР континуирано го следи и анализира процесот на спроведување на дадените препораки во ревизорските извештаи.

Следењето на имплементацијата на препораките во ДЗР се врши:

- При вршењето на ревизијата во тековната година по дадени препораки во конечните извештаи од извршени ревизии во претходната/те година/ни;
- Преку добивање информации од субјектот предмет на ревизија согласно чл. 32 од ЗДР односно преку барање за прибирање на информации за статусот на спроведување на препораките;
- Преку посебни ревизии/проверки на спроведување на препораките (на тековни ревизорски извештаи и ревизорски извештаи од претходни години).

Исто така ДЗР ќе работи на унапредување на соработката со субјектите предмет на ревизија за зголемување на нивната одговорност за преземање на мерки за надминување на констатираните неправилности и навремено и во законски рокови известување за преземени мерки по наодите и препораките во ревизорските извештаи, а се во функција на унапредување на управувањето со јавните средства.

Во оваа насока ДЗР ќе ги презема и следните активности:

- Укажување за позитивните ефекти на спроведувањето на препораките за вкупното работење на субјектот и за законско користење на јавните средства;
- Предочување на субјектите дека не преземањето мерки и не спроведувањето на препораките по ревизорските извештаи ќе резултира во последователно вршење на ревизија на односните субјекти во континуитет;
- Информирање на органите надлежни за контрола и надзор над работењето на субјектите предмет на ревизија за статусот на спроведување на препораките;
- Информирање на Собранието и Владата на РМ во рамките на годишниот извештај и во рамки на други информации, за статусот на спроведување на препораките.

Во функција на утврдување на степенот и статусот (спроведена, делумно спроведена...) на спроведување на препораките, ќе се изврши последователна проверка на спроведувањето на дадените препораки по дадени препораки во ревизорските извештаи од ГП за 2012 година и проверка на спроведување на препораките во рамки на вршењето на ревизиите по ГП за 2013 година (по дадени препораки во конечни ревизорски извештаи од извршени ревизии во претходната/те година/ни).

Резултатите од извршените ревизии/проверки на спроведување на препораките се презентираат во рамки на ревизорскиот извештај од редовните ревизии и во информациите/извештаите од извршена последователна проверка.

Во функција на утврдување на објективноста на повратните информации добиени од субјектите предмет на ревизија во врска со преземените мерки, ДЗР ќе врши проверки и на известувањата за преземени мерки добиени од субјектите предмет на ревизија. Во случаи кога ќе се утврди дека субјект предмет на ревизија доставил неточни информации, ДЗР ќе информира и презема мерки и активности, согласно надлежностите и изнесеното погоре.

За континуирано следење на спроведувањето на препораките ДЗР и понатаму ќе ги користи различните пристапи за прибирање на информации за преземени мерки по

дадените препораки преку кои се опфаќаат и препораките кои бараат подолг период за имплементација.

## 11. Информирање на јавноста

Информирањето како процес на пренесување на сознанието и информациите за улогата и за резултатите од работењето на ДЗР ќе продолжи и во 2013 година, со цел истите да бидат познати и разбрани од пошироката јавност. Целта да останеме транспарентни и да обезбедиме рамноправен пристап кон сите заинтересирани страни за начинот на трошење на јавните средства е еден од основните принципи на работењето на ДЗР.

Во тој контекст, ДЗР ќе продолжи со активностите поврзани со информирањето, а во насока на подобро разбирање на ревизорските извештаи од сите засегнати релевантни страни: субјектите предмет на ревизија, надлежните институции за работењето на субјектите предмет на ревизијата, надлежните институции за постапување по ревизорските извештаи, медиумите и граѓаните.

Објавувањето на Конечните ревизорски извештаи на WEB страницата, заедно со Забелешките на субјектите дадени по однос на извештаите, односно Одговорите на ДЗР по однос на забелешките, ќе продолжи континуирано да се реализира и во 2013 година, а согласно Законот за државна ревизија и Упатството за подготовка и доставување на конечните ревизорски извештаи во електронска форма;
Притоа, ДЗР ќе прави анализа и ќе предлага нови дигитални форми и начини за презентирање на ревизорските извештаи во делот на комуникација со пошироката јавност.

За добро и навремено информирање на јавноста и подобрување на комуникацијата со сите релевантни страни, во 2013 година ДЗР планира да ги остварува следниве активности:

- објавување на WEB страницата на Конечните ревизорски извештаи заедно со Забелешките на субјектите предмет на ревизијата и Одговорите на ДЗР по однос на забелешките на субјектите.;
- објавување на WEB страницата на „Годишниот извештај на ДЗР за 2012 година“ согласно Законот за државна ревизија;
- ажурирање на содржините и основните податоците и информации за ДЗР поставени на WEB страницата согласно тековно настанатите промени;

- објавување на финансиските извештаи и извештаите за добиените донации на политичките партии како обврска согласно Законот за финансирање на политичките партии и согласно Изборниот законик;
- објавување на информации, вести и други текстови на WEB страницата за планираните и тековно реализирани настани и активности на ДЗР;
- тековно информирање и периодични брифинзи на медиумите и на новинарите, на институциите со кои соработуваме и на сите други засегнати и заинтересирани страни;
- имплементирање на нови средства, инструменти и начини на комуникација и на информирање на пошироката јавност;

## 12. Извршување на Годишната програма за работа на ДЗР

Извршувањето на Годишната програма за работа на ДЗР за 2013 година ќе се реализира со Акционен план кој е составен дел на Годишната програма за работа на ДЗР.

## 13. Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2013 година.

Бр. 01-964/1

Скопје, 21.12.2012

Главен државен ревизор

м-р Тања Таневска

Прилог 1

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година
## Преглед на планирани ревизии за 2013 година

### 01 РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИИ НА УСОГЛАСЕНОСТ

| ИК | Ред.бр. Годишна програма | Ред.бр. во класата | ОПИС | Место |
|---|---|---|---|---|
| I | | | **Член 23 точка (1) - Задолжителни** | |
| 1 | 1 | 1 | Основен буџет на Република Македонија | Скопје |
| 2 | 2 | 1 | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | Скопје |
| | 3 | 2 | Агенција за вработување на РМ - ревизија за следење на препораките на ревизорските извештаи од 2012 година | Скопје |
| | 4 | 3 | Агенција за државни патишта | Скопје |
| | 5 | 4 | Фонд за здравствено осигурување- функционирање на трезорското работење на корисниците на средства од Буџетот за финансирање на ЈЗУ | Скопје |
| | | | | |
| II | | | **Член 22 точка (1)** | |
| 3 | 6 | 1 | Министерство за финансии | Скопје |
| | 7 | 2 | Министерство за здравство | Скопје |
| | 8 | 3 | Министерство за локална самоуправа | Скопје |
| | 9 | 4 | Министерство за животна средина и просторно планирање | Скопје |
| | 10 | 5 | Министерство за култура - Програма 90 - Меѓународна соработка | Скопје |
| | 11 | 6 | Министерство за правда - Управа за водење на матичните книги | Скопје |
| | 12 | 7 | Агенција за катастар на недвижности | Скопје |
| | 13 | 8 | Агенција за млади и спорт | Скопје |
| | 14 | 9 | Агенција за странски инветиции и промоција на извозот на РМ | Скопје |
| | 15 | 10 | Државен завод за индустриска сопственост | Скопје |
| | 16 | 11 | Државна комисија за жалби по јавни набавки | Скопје |
| 4 | 17 | 1 | Политичка партија ВМРО - ДПМНЕ | Скопје |
| | 18 | 2 | Политичка партија СДСМ | Скопје |
| | 19 | 3 | Политичка партија ДУИ | Скопје |
| | 20 | 4 | Политичка партија ДПА | Скопје |
| | 21 | 5 | Политичка партија НСДП | Скопје |
| | 22 | 6 | Политичка партија СПМ | Скопје |
| 5 | 23 | 1 | Врховен суд на Република Македонија | Скопје |
| | 24 | 2 | Управен суд Скопје | Скопје |
| | 25 | 3 | Основен суд Куманово | Куманово |
| | 26 | 4 | УКИМ - Факултет за земјоделски науки | Скопје |
| | 27 | 5 | УКИМ - Земјоделски институт | Скопје |
| | 28 | 6 | НУ Филмски фонд на Република Македонија | Скопје |
| | 29 | 7 | НУ Центар за култура Трајко Прокопиев | Куманово |
| | 30 | 8 | МФ - Биро за јавни набавки | Скопје |
| | 31 | 9 | Дирекција за технолошки и индустриски развојни зони | Скопје |
| | 32 | 10 | КПУ Затвор Скопје | Скопје |
| | 33 | 11 | КПУ Идризово- Стопанска единица Препород | Скопје |
| | 34 | 12 | КПУ Идризово - Стопанска единица Економија | Скопје |
| | 35 | 1 | ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија | Скопје |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | 36 | 2 | ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар | Скопје |
| | 37 | 3 | ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија | Скопје |
| | 38 | 4 | ЈЗУ универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија | Скопје |
| | 39 | 5 | Институт за белодробни заболувања кај децата - Козле | Скопје |
| 7 | 40 | 1 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Аеродром |
| | 41 | 2 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Прилеп |
| | 42 | 3 | Буџет и корисници на средства од буџетите на Град Скопје | Скопје |
| 8 | 43 | 1 | ЈУ Детски културен центар „Карпош" | Скопје |
| | 44 | 2 | ЈУ Центар за стручно образование и обука | Скопје |
| | 45 | 3 | ЈУ Културно информативен центар | Скопје |
| 9 | 46 | 1 | АД за поштански сообраќај Македонска пошта | Скопје |
| | 47 | | Службен весник на РМ | Скопје |
| | 48 | 2 | ЈП за водоснабдување Студенчица | Скопје |
| 10 | 49 | 1 | ЈП за депонирање на комуинален отпад Дрисла | Скопје |
| | 50 | 2 | ЈП за водостопанство Лисиче | Велес |
| 12 | 51 | 1 | АД за пренос на електрична енергија и управување со електро-енергетскиот систем - МЕПСО | Скопје |
| 13 | 52 | 1 | АД Македонска информативна агенција | Скопје |
| | 53 | 2 | Дирекција за радијациона сигурност | Скопје |
| | 54 | 3 | Регулаторна Комисија за енергетика на Република Македонија | Скопје |
| | | | | |
| | | | **РЕВИЗИИ НА УСПЕШНОСТ (член 18,став 2)** | |
| | | | | |
| | 55 | 1 | Згрижувачки семејства како форма за вон институционална заштита | Скопје |
| | 56 | 2 | Ефективноста и ефикасноста од примената на електронскиот дневник во основното и средното образование | Скопје и други градови |
| | 57 | 3 | Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита и развој на националните паркови во РМ | Скопје и други градови |
| | 58 | 4 | Ефикасност од доделените концесии на минералните суровини во Република Македонија | Скопје и други градови |
| | 59 | 5 | Ефективност од имплементацијата на Програмите и активностите за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија | Скопје |
| | 60 | 6 | Ефикасност од превземените мерки, политики и конкретни проекти за развој на туризмот во РМ | Скопје и други градови |
| | 61 | 7 | Ефикасност и ефективност на законската регулатива за водите во РМ и безбедноста на водите за пиење и отпадните води | Скопје и други градови |